Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 февруари 2025 година.

Бр. 08-940/1
13 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска-Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

## Член 1

Во Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ број 31/2001, 42/2003, 47/2003, 40/2004, 70/2006, 126/2006, 60/2007, 123/2007, 88/2008, 133/2009, 171/10, 185/11, 6/12, 145/12, 79/13, 188/13, 115/14, 156/14, 129/15, 154/15, 23/16, 71/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 247/22), во член 13 во ставот 1 бројот „1.000.000“ се заменува со бројот „2.000.000“.

## Член 2

Во член 16-а во ставот 6 зборовите: „најмалку 30 дена“ се бришат.

## Член 3

Во членот 16-б по зборовите: „Министерството за финансии“ се додаваат зборовите: „на предлог од Управата за јавни приходи“.

## Член 4

Во член 17 во ставот 1 по зборовите: „Министерството за финансии“ се додаваат зборовите: „на предлог од Управата за јавни приходи“.

Член 5

Во член 19-б во ставот 2 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 6

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.